Влада на Република Северна Македонија

<u>Н А Ц Р Т</u>

# З А П И С Н И К
## од Педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 февруари 2025 година

Скопје, февруари 2025 година

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 февруари 2025 година**

Седницата започна во 12:25 часот.

На седницата претседавше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и членовите на Владата, Игор Филков, министер за правда, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Елфет Исмаили, заменик на министерот за одбрана, д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, Ален Деребан, заменик на министерот за правда, Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Флакрон Беџети, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Максим Ацевски, главен државен ревизор и Андреа Ѓошевска, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за

внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Зоран Љутков, министер за култура и туризам.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**- Усвојување на Записникот од Четириесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 февруари 2025 година**

**- Усвојување на Записникот од Четириесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 февруари 2025 година**

1. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија - Скопје (Сметка за средства од Фондот 737) и Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија - Скопје (Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства за сопствени приходи 531)

2. Годишен план за работа на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2025 година

3. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.1)

4. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.2)

5. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.3)

6. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.4)

7. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.5)

8. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.6)

9. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.7)

10. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.8)

11. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.9)

12. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.10)

13. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.11)

14. Предлог-одлука за видот, бројот, персоналниот и материјалниот состав на тимовите за брз одговор

15. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Основен суд-Битола)

16. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Јавна здравствена установа „Здравствен дом на Скопје"-Скопје)

17. Предлог-одлуки за продажба на движни ствари (ЈЗУ Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања – Охрид)

18. Предлог-решение за назначување членови, заменици членови и секретар на Националниот комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам

19. Информација за статусот на проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води на Град Скопје"

20. Предлог на закон за ратификација на Факултативниот протокол на Конвенцијата за правата на детето за постапка по претставки

21. Предлог за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на Договорот за безбедносна соработка и долгорочна поддршка меѓу Република Северна Македонија и Украина, со Нацрт-текст на Договор

22. Информација за изработка на Посебна програма за ажурирање на Планот за одбрана на Република Северна Македонија за 2025 година, со текст на Посебна програма

23. Информација за прогресот на активностите во врска со Националната развојна стратегија 2024-2044 и усогласување на секторското планирање

24. Предлог-одлука за отповикување на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Соединетите Американски Држави, со седиште во Чикаго

25. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (воениот стадион во Градски парк)

26. Предлог-одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР" во Република Косово

27. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за одбрана („Сава Крањ")

28. Предлог-одлука за определување на подрачјата со специфични развојни потреби во периодот од 2025 до 2029 година

29. Предлог на закон за средното образование

30. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот на Министерството за образование и наука за јавна набавка за изградба и опремување на училишни спортски сали во Општина Кисела Вода и Општина Аеродром и вршење стручно технички надзор над изградбата

31. Информација за реализација на проекти од Програмата за изградба и реконструкција/санација на спортски објекти за 2025 година

32. Информација за изменување на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги МАР Медика ДОО увоз-извоз Куманово, со Предлог-одлука

33. Информација за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Грин БИ БИ ДООЕЛ увоз-извоз с.Драслајца, Струга, со Предлог-одлука

34. Информација за преземање конкретни активности во врска со препораките во Мислењето од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, за утврдена директна дискриминација врз основа на етничка припадност, социјално потекло и имотен статус во областа на домување и социјална заштита, кон жителите на населбата Тунел-бараки во Општина Велес

35. Предлог-програма за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2025 година

36. Предлог-одлука за престанување на одобрението за основање на Приватниот студентски дом „Оаза“ во Штип

37. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Државното средно училиште – Регионален центар за стручно образование и обука „Никола Карев“, Струмица

38. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија

39. Предлог-одлука за давање на времено користење на недвижни ствари на Амбасадата на Република Франција во Република Северна Македонија – Скопје

40. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, по скратена постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 302/20, 122/21, 33/24 и 208/24), поднесен од пратеникот Сали Мурати

41. Барање за давање на автентично толкување на член 353 од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 36/23 и 188/23), поднесено од пратеникот Силвана Ангелевска

42. Иницијатива поднесена од Предраг Станојевиќ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.252/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за престанување на важење на Одлуката за прифаќање на старешините на ЈНА, воените службеници и граѓанските лица на служба во ЈНА од страна на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.158/07)

43. Иницијатива поднесена од Васко Рубаноски од Охрид, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.243/2024, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 215 став 6 од Кривичниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.36/23)

44. Иницијатива поднесена од Александар Наумовски од Битола, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.247/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 4 став 1 точка 2 во делот „поништувањето, укинувањето или изменувањето на", член 15 став 2 во делот „против кои е дозволена жалба", член 23 став 1 во делот „поништувањето, укинувањето или изменувањето на", член 69 став 4 и член 71 став 1 во делот „доколку не е поинаку определено со закон“ од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19)

45. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.271/2024 за оценување на уставноста на одредба од Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 69/04, 22/07, 115/07, 51/11, 164/13, 41/14, 33/15, 156/15, 193/15, 53/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 103/21, 208/24 и 272/24)

46. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.270/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 18 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.193/24)

47. Иницијатива од Манчо Манчев од Кавадарци, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.269/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 3 став 1 алинеја 4 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19

48. Кадровски прашања

49. Прашања и предлози

50. Извештај за работата на Агенцијата за управување со одземен имот, за период од 1.1.2024 година до 30.6.2024 година

51. Полугодишен извештај за работа на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, за период од 1 јануари до 30 јуни 2024 година

52. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (петта одлука)

53. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (шеста одлука)

54. Информација за статусот на проектот: Заеднички железнички граничен премин - Табановце и за потребата од склучување на Договор за грант помеѓу Република Северна Македонија (застапувана од Министерството за транспорт) и Европската банка за обнова и развој за инвестициски грант од Заедничкиот Европски фонд за Западен Балкан, со усогласен текст на Договор за грант

55. Информација за доставување на Барање за вклучување на Република Северна Македонија во списокот на земји во кои е овластен извозот од Европската Унија на неопасен отпад и мешавини на неопасен отпад одделени за преработка согласно член 42 став (2) од Регулативата (ЕУ) 2024/1157 на Европскиот парламент и на Советот од 11 април 2024 година за пратките на отпад, со која се менува Регулативата (ЕУ) бр.1257/2013 и (ЕУ) 2020/1056 и се укинува Регулативата (ЕС) бр.1013/2006

56. Информација за донација на системи за филтрација на воздух, со Нацрт - договор

57. Информација за одржување на меѓувладина седница помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Унгарија, во Будимпешта, Република Унгарија на 3 и 4 март 2025 година

58. Информација во врска со склучување на договор за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот за реновирање и опремување на хируршки оперативен блок оддел за анестезија, реанимација и интензивна нега со сите пропратни помошни простории во ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември“-Скопје, со текст на Договор

59. Информација во врска со склучување на договор за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот за подобрување на капацитетот за патници во терминалната зграда на аеродромот „Св. Апостол Павле“-Охрид, со текст на Договор

60. Информација за добивање на согласност за преземање на активности за објавување на оглас за набавка/изнајмување на деловен простор, со прибирање на понуди од страна на Министерството за јавна администрација, со Предлог-одлука

61. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка

62. Информација за статусот на големиот ИПА проект „Изградба на прочистителна станица за отпадни води и рехабилитација и надградба на канализационата мрежа во Општина Битола“

63. Информација за потребата од преземање на конкретни мерки за овозможување на склучување на Договорот за ИПА проектот „Понатамошна поддршка во спроведување на реформите во секторот води“

64. Предлог-одлука за посебни услови за трговијата на одделни стоки и обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед

65. Предлог-одлука за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на големо и трговијата на мало

*

*  *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Четириесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 февруари 2025 година и Записникот од Четириесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 февруари 2025 година.

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија - Скопје (Сметка за средства од Фондот 737) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија - Скопје (Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства за сопствени приходи 531), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија - Скопје да подготви Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од конечните извештаи и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

2. Се задолжува Министерството за здравство да подготви Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација во врска со Точка 4.3. Опрема за радиотерапија од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија - Скопје (Сметка за средства од Фондот (737)) и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

3. Се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да подготви Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација во врска со Точка 4.1. Договорен и условен надоместок и Точка 4.2. Услуги за радиотерапија од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија - Скопје (Сметка за средства од Фондот (737)) и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

## Точка 2

Владата го одложи од разгледување Годишниот план за работа на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2025 година за наредната седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата истиот да се усогласи со Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за дигитална трансформација и Министерството за финансии.

## Точка 3

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.1).

## Точка 4

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.2).

## Точка 5

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.3).

## Точка 6

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.4).

## Точка 7

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.5).

## Точка 8

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.6).

## Точка 9

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.7).

## Точка 10

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.8).

## Точка 11

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.9).

## Точка 12

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.10).

## Точка 13

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.1).

## Точка 14

Владата ја донесе Одлуката за видот, бројот, персоналниот и материјалниот состав на тимовите за брз одговор.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид Мислењето на Министерството за финансии, во кое се укажува евентуалните фискални импликации по однос на оваа одлука да се обезбедат во рамки на одобрениот буџет на надлежната институција.

## Точка 15

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Основен суд-Битола).

## Точка 16

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Јавна здравствена установа „Здравствен дом на Скопје“-Скопје).

## Точка 17

Владата ги донесе:

1. Одлуката за продажба на движни ствари (основни средства и ситен инвентар).

2. Одлуката за продажба на движни ствари (метален отпад).

3. Одлуката за продажба на движни ствари (амбулантни возила без медицинска опрема).

## Точка 18

Владата го разгледа Предлог – решението за назначување членови, заменици членови и секретар на Националниот комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам и го донесе Решението за назначување членови, заменици членови и секретар на Националниот комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам со заклучок во текстот на истото во точка 1 а) за членови: наместо „Елена Грозданова - претставник од Министерството за социјална политика, демографија и млади“ да стои - Шпенд Бафќари - претставник од Министерството за социјална политика, демографија и млади“ и во точка 1, б) за заменици членови наместо „Светлана Цветковска – претставник од Министерството за социјална политика, демографија и млади“ да стои Елена Грозданова - претставник од Министерството за социјална политика, демографија и млади“.

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води на Град Скопје“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви и достави барање до ЕИБ за согласност за времено изземање од исполнување на условот за повлекување на средства од заемот кој се однесува на воспоставување на Единица за имплементација на Проектот, согласно барањата на ЕИБ, како и барање за продолжување на рокот за повлекување на заемот за дополнителни 5 години, односно до 20.12.2029 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви и достави барање до ЕБРД за согласност за времено изземање од исполнување на условот за повлекување на средства од заемот, кој се однесува на воспоставување на Единица за имплементација на проектот со адекватни ресурси и соодветни квалификувани кадри согласно барањата на ЕБРД (чл. 5.секција 5.02,(ф), од Договорот за заем со ЕБРД), како и да се прогласи за неважечки условот кој се однесува на тоа дека сите услови за повлекување на средства од заемот од ЕИБ се исполнети (чл. 5.секција 5.02,(е), од Договорот за заем со ЕБРД).

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да изврши координација со промоторот на Проектот – ЈП Водовод и канализација – Скопје, со консултантот за техничка поддршка и со банките, за утврдување на критериумите за прифатлив состав на Проектната единица, имајќи ги предвид потребите во текот на имплементација, како и потребите за натамошно управување со Пречистителната станица после преземањето од страна на ЈП Водовод и канализација – Скопје.

**<u>Точка 20</u>**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Факултативниот протокол на Конвенцијата за правата на детето за постапка по претставки, го утврди и заклучи да го достави до Собранието, согласно член 208 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, Игор Филков, министер за правда, Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија и Ален Деребан, заменик на министерот за правда, а за повереници Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Тања Кикерекова, раководител на сектор во Министерството за правда.

**<u>Точка 21</u>**

Владата го разгледа Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на Договорот за безбедносна соработка и долгорочна поддршка меѓу Република Северна Македонија и Украина, со Нацрт-текст на Договор и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Нацрт-текстот на Договорот за безбедносна соработка и долгорочна поддршка меѓу Република Северна Македонија и Украина, како основа за водење на преговорите.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија во рок од 30 дена да го достави Нацрт-текстот на Договорот за безбедносна соработка и долгорочна поддршка меѓу Република Северна Македонија и Украина, до украинската страна.

3. Се задолжуваат шефот на Делегацијата и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водење на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на Договорот за безбедносна соработка и долгорочна поддршка меѓу Република Северна Македонија и Украина.

4. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори, во рок од 30 дена, на Владата на Република Северна Македонија да и поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот текст на Договорот за безбедносна соработка и долгорочна поддршка меѓу Република Северна Македонија и Украина.

Истовремено, во составот на членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водењето на преговорите, да биде запазен принципот на соодветна и правична застапеност на припадниците на сите заедници кои живеат во Република Северна Македонија, како и да биде запазена соодветната полова застапеност на членовите на комисијата, од соодветните институции.

**<u>Точка 22</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за изработка на Посебна програма за ажурирање на Планот за одбрана на Република Северна Македонија за 2025 година, со текст на Посебна програма и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја усвои Посебната програма за ажурирање на Планот за одбрана на Република Северна Македонија за 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за одбрана, најдоцна до 31.12.2025 година, да ја извести Владата за постигнатиот напредок во однос на преземените мерки и активности согласно Посебната програма за ажурирање на Планот за одбрана на Република Северна Македонија за 2025 година.

**<u>Точка 23</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активностите во врска со Националната развојна стратегија 2024-2044 и усогласување на секторското планирање и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат министерствата и другите органи на државната управа, во соработка и координација со Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во рок од 15 работни дена од денот на покренување на иницијатива за започнување на постапка за изработување на стратегиите, да ја информираат Владата во однос на основот, потребата и оправданоста за подготовка и носење на документот, согласно Методологијата за начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии и Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии.

2. Се задолжуваат министерствата и другите органи на државната управа да ја следат визијата, националните развојни цели, целите и приоритетите за секоја стратешка област од Националната развојна стратегија 2024-2044, Методологијата за начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии и Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии и нацрт-текстот на стратегијата да го достават на мислење до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна 15 работни дена пред нивно доставување во владина постапка.

3. Се задолжуваат министерствата и другите органи на државната управа при креирање на стратегиски плански документ да вклучат најмалку еден претставник од Оперативната структура задолжена за Националната развојна стратегија 2024-2044 и/или Секторот за стратегија, планирање и следење на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

4. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија доколку при анализата на нацрт-текстот на секторските или мултисекторските стратегии утврди дека тие не се подготвени согласно Методологијата за начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии и Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии, воедно истите не се во согласност со визијата, националните развојни цели, целите и приоритетите на стратешките области од Националната развојна стратегија 2024-2044, нацрт-текстот на секторската или мултисекторската стратегија во рок од 15 работни дена да ја врати на доработка согласно дадените насоки, коментари и забелешки.

5. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија редовно да следи дали министерствата и другите органи на државната управа навремено подготвуваат и доставуваат до Владата на Република Северна Македонија Годишен извештај за спроведувањето на стратегискиот плански документ и доколку не го подготват и достават најдоцна до крајот на март во тековната за претходната година, во рок од седум работни дена да го извести генералниот секретар.

6. Се задолжуваат министерствата и другите органи на државната управа, Годишните извештаи за спроведувањето на стратегиските плански документи да ги објавуваат на своите интернет-страници во рок од седум работни дена од денот на усвојувањето на годишните извештаи.

7. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија доколку при анализата на доставените годишни извештаи од спроведувањето на стратегиските плански документи, утврди дека степенот на спроведувањето на мерките и активностите од Акцискиот план е на ниско ниво, во рок од 15 работни дена од приемот на годишните извештаи, соодветно да го извести претседателот на Владата на Република Северна Македонија, министерствата и другите органи на државната управа.

8. Се задолжуваат министерствата и другите органи на државната управа, до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да достават преглед на актуелни стратегии од нивниот делокруг на работа со податок за датумот на нивно усвојување од Владата на Република Северна Македонија или Собранието на Република Северна Македонија и рок на важност на планскиот документ, најдоцна до 28.2.2025 година.

9. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да го ажурира Регистарот на стратегиски плански документи најдоцна до 15.3.2025 година.

10. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да изработи План за градење на капацитетите, информирање и вклучување на вработените од организационите единици за стратешко планирање, креирање политики и следење во министерствата за обезбедување на хоризонтална и вертикална усогласеност и конзистентност меѓу стратегиските плански документи и Националната развојна стратегија 2024-2044, најдоцна до 15.3.2025 година.

11. Се задолжуваат министерствата и другите органи на државната управа, во соработка и координација со Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да пристапат кон анализа на веќе донесените стратегиски плански документи и да утврдат кои стратегиски плански документи имаат утврдена стратешка рамка, односно визијата за развој на областа или областите опфатени во стратегијата, општите и посебните цели се во спротивност со визијата на долгорочниот национален развој, националните развојни цели, целите и приоритетите од стратешките области утврдени со Националната развојна стратегија и да подготват план со рокови за нивно усогласување, најдоцна до 14.6.2025 година.

## Точка 24

Владата ја донесе Одлуката за отповикување на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Соединетите Американски Држави, со седиште во Чикаго.

## Точка 25

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (воениот стадион во Градски парк).

## Точка 26

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово.

## Точка 27

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за одбрана („Сава Крањ“).

## Точка 28

Владата ја донесе Одлуката за определување на подрачјата со специфични развојни потреби во периодот од 2025 до 2029 година.

## Точка 29

Владата го разгледа Предлогот на закон за средното образование, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука и проф. д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, а за повереници Елена Ивановска, државен секретар во Министерството за образование и наука и Милка Масникоса, раководител на сектор во Министерството за образование и наука.

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот на Министерството за образование и наука за јавна набавка за изградба и опремување на училишни спортски сали во Општина Кисела Вода и Општина Аеродром и вршење стручно технички надзор над изградбата и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерството за финансии, даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени во развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2025 година и 2026 година од буџетот на Министерството за образование и наука, наменети за склучување договор за изградба на две училишни спортски сали во Република Северна Македонија и вршење на стручно технички надзор при изградба на две училишни спортски сали во Република Северна Македонија и тоа:

- 40.000.000,00 денари со ДДВ во 2025 година и 24.000.000,00 денари со ДДВ во 2026 година за изведување на градежни работи за изградба од програма Т, потпрограма ТВ, сметка 637 и расходна ставка 482 и

- 752.000,00 денари со ДДВ во 2025 година и 458.000,00 денари со ДДВ во 2026 година за услуги за вршење на стручно технички надзор програма Т, потпрограма ТВ, сметка 637 и расходна ставка 482.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за финансии да го има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

## Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проекти од Програмата за изградба и реконструкција/санација на спортски објекти за 2025 година ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за спорт да спроведе постапки за јавни набавки за избор на изведувач за реализација на проектите од Програмата за изградба и реконструкција/санација на спортски објекти за 2025 година со следниов начин и динамика на плаќање за секој проект поединечно по години:

• Проект „Изградба на спортска сала во Воена академија- Скопје"
- 8.000.000,00 денари за 2025 година
- 20.000.000,00 денари за 2026 година
- 36.900.000,00 денари за 2027 година

• Проект „Проектирање и изградба на спортска сала во Општина Струмица и Општина Аеродром"
- 14.000.000,00 денари за 2025 година
- 69.900.000,00 денари за 2026 година
- 45.900.000,00 денари за 2027 година

• Проект „Адаптација на спортска сала во УКИМ"
- 2.000.000,00 денари за 2025 година
- 20.000.000,00 денари за 2026 година
- 13.000.000,00 денари за 2027 година.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги МАР Медика ДОО увоз-извоз Куманово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за изменување на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги МАР Медика ДОО увоз-извоз Куманово.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Грин БИ БИ ДООЕЛ увоз-извоз с.Драслајца, Струга, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за

давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Грин БИ БИ ДООЕЛ увоз – извоз, с.Драслајца, Струга.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за преземање конкретни активности во врска со препораките во Мислењето од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, за утврдена директна дискриминација врз основа на етничка припадност, социјално потекло и имотен статус во областа на домување и социјална заштита, кон жителите на населбата Тунел-бараки во Општина Велес и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за транспорт, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, му се укажува на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката, а се препорачува на Општина Велес, во рок од три дена, до Кабинетот на министерот без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, да достават номинации на членови на Работната група за преземање конкретни активности во врска со препораките во Мислењето од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, за утврдена директна дискриминација врз основа на етничка припадност, социјално потекло и имотен статус во областа на домување и социјална заштита, кон жителите на населбата Тунел-бараки во Општина Велес.

2. Се задолжува Кабинетот на министерот без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, на првата наредна седница на Владата на Република Северна Македонија, да достави Предлог-решение за формирање на Работна група за преземање конкретни активности во врска со препораките во Мислењето од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, за утврдена директна дискриминација врз основа на етничка припадност, социјално потекло и имотен статус во областа на домување и социјална заштита, кон жителите на населбата Тунел-бараки во Општина Велес.

3. Се задолжува Работната група за преземање конкретни активности во врска со препораките во Мислењето од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, за утврдена директна дискриминација врз основа на етничка припадност, социјално потекло и имотен статус во областа на домување и социјална заштита, кон жителите на населбата Тунел-бараки во Општина Велес, во рок од  осум дена по нејзиното формирање, да донесе план со реални рокови за спроведување на мерките и да го достави до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

4. Се задолжува Работната група за преземање конкретни активности во врска со препораките во Мислењето од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, за утврдена директна дискриминација врз основа на етничка припадност, социјално потекло и имотен статус во областа на домување и социјална заштита, кон жителите на населбата Тунел-бараки во Општина Велес, на месечно ниво да ја известува Владата за преземените и спроведени активности, за трајно решавање на домувањето на жителите на населбата Тунел-бараки во Општина Велес.

**Точка 35**

Владата ја донесе Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 36**

Владата ја донесе Одлуката за престанување на одобрението за основање на Приватниот студентски дом „Оаза“ во Штип.

**Точка 37**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Државното средно училиште – Регионален центар за стручно образование и обука „Никола Карев“, Струмица.

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија.

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за давање на времено користење на недвижни ствари на Амбасадата на Република Франција во Република Северна Македонија – Скопје.

**Точка 40**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, по скратена постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 302/20, 122/21, 33/24 и 208/24), поднесен од пратеникот Сали Мурати и притоа го утврди следното мислење:

Со членот 294 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 302/20, 122/21, 33/24 и 208/24), пропишано е следното:

„(1) Возачкиот испит претставува една целина и се состои од полагање на два дела од испитот и тоа сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) и управување со моторни возила (практичен дел).

(2) Теоретскиот дел од возачкиот испит од ставот (1) на овој член, се полага електронски на претходно изготвен тест од Министерството за внатрешни работи во согласност со Министерството за образование и наука.

(3) Тестот од ставот (2) на овој член, е изработен на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а за овластените испитни центри, кои се лоцирани во единиците на локална самоуправа во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и на тој службен јазик и писмо.".

Предмет на уредување на посочената законска одредба е начинот на спроведување на возачкиот испит и во тие рамки - употребата на јазикот при спроведувањето на теоретскиот дел, како составен дел на возачкиот испит.

Во овој контекст, се укажува дека постојното законско решение е целосно усогласено со членот 7 од Уставот на Република Северна Македонија и Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија" бр.7/19).

Имајќи го предвид изнесеното, од формално-правен аспект донесувањето на предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата по скратена постапка, во оваа фаза е нецелисходно, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе Законот.

**Точка 41**

Владата го одложи од разгледување Барањето за давање на автентично толкување на член 353 од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 36/23 и 188/23), поднесено од пратеникот Силвана Ангелевска, за втората наредна седница на Владата, поради потребата Министерството за правда да подготви мислење во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Предраг Станојевиќ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.252/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за престанување на важење на Одлуката за прифаќање на старешините на ЈНА, воените службеници и граѓанските лица на служба во ЈНА од страна на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 158/07) и притоа го утврди следното мислење:

Според наводите на подносителот на Иницијативата, Владата донела Одлука за прифаќање на старешините на ЈНА, воените службеници и граѓанските лица на служба во ЈНА од страна на Република Македонија бр. 23-241/1 од 25.1.1992 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 3/92.

По извесен период на важење, Владата донела и друга Одлука со која погоре споменатата Одлука престанала да важи. Одлуката за престанување на важење на Одлуката за прифаќање на старешините на ЈНА, воените службеници и граѓанските лица на служба во ЈНА бр. 19-8426/1 од 26.12.2007 е објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.158/07.

Подносителот на Иницијативата смета дека во периодот додека важела Одлуката за прифаќање на старешините на ЈНА, воените службеници и граѓанските лица на служба во ЈНА од страна на Република Македонија немала иста правна применливост кон сите вработени во Армијата на Република Македонија (erga omnes), како што е случајот на подносителот, односно не се решило станбеното прашање на поголем број вработени. Со престанување на важење на предметната одлука, уставната одредба за еднаквост во секој случај претставува правна основа за секој граѓанин во оваа држава, па именуваниот смета дека врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија, член 28 алинеја 3 и член 71 од Деловникот на Устанвиот суд на Република Македонија треба да се прифати Иницијативата за оспорување на Одлуката бр. 19-8426/1 од 26.12.2007 година, со која престанала да важи Одлуката за прифаќање на старешините на ЈНА, воените службеници и граѓанските лица на служба во ЈНА од страна на Република Македонија. Предлогот го образложува, повикувајќи се на член 52 од Уставот на Република Македонија според кој законите и други прописи не можат да имаат повратно дејство освен по исклучок во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

Во врска со наводите содржани во поднесокот, се смета дека применииот поднесок не претставува поднесок во смисла на член 9 став 2 алинеја 1, 2 и 3 од Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.115/24), односно применииот поднесок не е Иницијатива за оценување уставност на закон, Иницијатива за оценување уставност и законитост на друг пропис или колективен договор, Иницијатива за оценување уставност на програма и статут на политичка партија и на здружение на граѓани.

Одлуката за престанување на важење на Одлуката за прифаќање на старешините на ЈНА, воените службеници и граѓанските лица на служба во ЈНА бр. 19-8426/1 од 26.12.2007 година, не содржи одредби кои се спротивни на Уставот, не се повредуваат одредби од Уставот, односно закон.

Се работи за Одлука, со која престанува да важи Одлука која овозможува остварување на одредени права за одредена група на граѓани во одреден период, па со тоа не е повреден ниту Уставот ниту законот.

Врз основа на горенаведеното Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за престанување на важење на Одлуката за прифаќање на старешините на ЈНА, воените службеници и граѓанските лица на служба во ЈНА од страна на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/07)

## Точка 43

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Васко Рубаноски од Охрид, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.243/2024, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 215 став 6 од Кривичниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.36/23) и притоа го утврди следното мислење:

Во наведената Иницијатива подносителот наведува дека „ваквата одредба е спротивна и на битието на самото кривично дело, од причина што конкретното кривично дело се појавува во два облици и тоа првиот е дејствието на извршување и тоа неовластеното произведување и преработување на наркотични дроги, прихотропни супстанции и прекурсори, суштината на делото предвидува да дојде до неконтролирано дистрибуирање и појавување на дрога во прометот, од каде произлегува дека производството и преработувањето се вршат заради продажба, односно пуштање во промет, а не и заради задоволување на сопствени потреби. Понатаму, подносителот на Иницијативата истакнува дека „Спротивно на наведеното би се заобиколила самата природа и суштина на кривичното дело определено со самиот наслов по однос на казнувањето на самото уживање на опојни дроги, ваквите причини за неказнување, односно неизрекување на кривична санкција, туку само огласување на обвинетиот за евентуална вина во конкретен случај, на уживањето на опојни дроги одат во прилог на тезата и повлекуваат неказнување на производството за сопствени потреби, оправдано се поставува прашањето што доколку некој кој произведува или преработува наркотична дрога и тоа за сопствени потреби, а потоа ја пушти во промет." Исто така, подносителот на Иницијативата наведува и дека оспорената одредба од Кривичниот законик е во спротивност со членот 18 од Законот за судовите.

Во член 215 од Кривичниот законик е уредено дека:

„Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги,
психотропни супстанции и прекурсори

Член 215

(1) Тој што неовластено организира, произведува, преработува, продава или нуди на продажба или заради продажба купува, држи или пренесува или посредува во продажба или купување или на друг начин неовластено пушта во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, ќе се казни со затвор од три до десет години.
(2) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено со наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од помало количество, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеца до три години.
(3) Ако делото од став 1 го извршиле повеќе лица или сторителот на ова дело организирал мрежа на препродавачи или посредници, или организирал дејствие од ставот (1) на овој член, сторителот ќе се казни со затвор најмалку пет години.
(4) Тој што неовластено прави, набавува, посредува или дава на употреба опрема, материјал или супстанции за кои знае дека се наменети за производство на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(5) Сторителот од став 2, со исклучок на организаторот, кој ќе го открие делото или ќе придонесе за неговото откривање, ќе се ослободи од казна.
(6) Нема да се казни тој што поседува наркотични droги и психотропни супстанции за лична употреба.
(7) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.
(8) Наркотичните дроги, психотропните супстанции и прекурсорите, како и подвижните или недвижните предмети употребени за нивно правење, пренесување или растурање, ќе се одземат.".

Во ставот (6) од наведениот член е пропишано дека „(6) Нема да се казни тој што поседува наркотични дроги и психотропни супстанции за лична употреба.".

Се смета дека изнесените наводи во Иницијативата се неосновани од причина што пропишувањето дека нема да се казни тој што поседува наркотични дроги и психотропни супстанции за лична употреба може да се опсервира единствено низ призмата на целисходноста на наведената одредба, а Уставниот суд нема надлежност да ја оценува целисходноста на законските одредби, туку нивната усогласеност со Уставот. Исто така, во однос на горенаведените наводи на подносителот, се истакнува дека употребената формулација во ставот 6 од оспорениот член („нема да се казни") е сосема различна со одредбата од членот 42 од Кривичниот законик каде што е уредена материјата за ослободување од казна. Имено, со ставот (6) од членот 215 е исклучена казнената одговорност за тој што поседува наркотични дроги и психотропни супстанции за лична употреба. Иста формулација за исклучување на казнивоста е содржана и во повеќе кривични дела од Кривичниот законик (член 218-а став 4, член 322 -а став 8, член 325 став 3, член 352 и член 359-а став 4 и др.)

Имајќи го предвид горенаведеното, се укажува дека член 215 ставот 6 од Кривичниот законик е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата, односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овој член од Законот.

**<u>Точка 44</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Александар Наумовски од Битола, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.247/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 4 став 1 точка 2 во делот „поништувањето, укинувањето или изменувањето на", член 15 став 2 во делот „против кои е дозволена жалба", член 23 став 1 во делот „поништувањето, укинувањето или изменувањето на", член 69 став 4 и член 71 став 1 во делот „доколку не е поинаку определено со закон" од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се бара Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставноста на член 4 став 1 точка 2 во делот „поништувањето, укинувањето или изменувањето на", член 15 став 2 во делот „против кои е дозволена жалба", член 23 став 1 во делот „поништувањето, укинувањето или изменувањето на", член 69 став 4 и член 71 став 1 во делот „доколку не е поинаку определено со закон" од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19), кои гласат:

„Член 4 став 4 алинеа 1: Жалбата не е дозволена против пресуда со која поединечниот управен акт е поништен или е прогласен за ништовен и предметот е вратен на повторно постапување на јавниот орган, како ни против пресуда со која судот му наложил на јавниот орган да го донесе поединечниот акт што не бил донесен во утврдениот рок.

Член 15 став 2: Вишиот управен суд одлучува по жалби против пресудите на Управниот суд и решенијата на Управниот суд против кои е дозволена жалба, а во прв степен и за судир на надлежностите меѓу органите на Републиката, општините и Градот Скопје, меѓу општините во Градот Скопје и Градот Скопје, меѓу општините, Градот Скопје, општините во Градот Скопје и јавните органи ако тоа е утврдено со закон.

Член 23 став 1: Заинтересирано лице е секое физичко или правно лице на кое поништувањето, укинувањето или изменувањето на оспорениот акт или дејство му штети на некое негово право или правен интерес.

Член 69 став 4:  Жалбата не е дозволена против пресуда со која поединечниот управен акт е поништен или е прогласен за ништовен и предметот е вратен на повторно постапување на јавниот орган, како ни против пресуда со која судот му наложил на јавниот орган да го донесе поединечниот акт што не бил донесен во утврдениот рок.

Член 71 став 1: Против решение на Управниот суд дозволена е жалба, доколку не е поинаку определено со закон.".

Подносителот на Иницијативата тврди дека овие одредби се неуставни, бидејќи се во спротивност со Амандманот XXI од Уставот на Република Северна Македонија, како и со членовите 8, 9, 50, 51 и 54 од Уставот на Република Северна Македонија. Дополнително, се тврди дека одредбите се спротивни на членовите 6, 13, 14, 17 и 18 од Европската конвенција за човековите права (ЕКЧП) и член 10 од Законот за судовите.

Подносителот наведува дека оспорените одредби го ограничуваат правото на жалба и го оневозможуваат ефективниот пристап до правда.  Посебно се истакнуваат проблеми кога Управниот суд го поништува управниот акт и го враќа предметот на повторно одлучување, кога тужениот орган не ги доставува списите и кога Управниот суд често ги враќа предметите на повторно одлучување без да ги испита по редовен пат, што доведува до одолговлекување на постапките.

Според подносителот, ваквата неусогласеност резултира со повреда на темелните вредности на уставно-правниот поредок на државата, вклучувајќи го и владеењето на правото.

Подносителот предлага Уставниот суд до донесувањето на конечната одлука да донесе решение за запирање на извршувањето на поединечни акти или дејствија што се преземени врз основа на овие одредби, бидејќи со нивното извршување би можело да настанат тешко отстранливи, поточно непоправливи трајни последици.

По разгледување на Иницијативата, се смета дека оспорените одредби од Законот за управни спорови не се во спротивност со Уставот и Европската конвенција за човековите права.

Во член 4 став 1 точка 2 и член 23 став 1, дефинициите на „заинтересирано лице" се јасни и прецизни и овозможуваат учество во управниот спор на сите лица чии права и интереси се засегнати од оспорениот управен акт.

Оспорениот дел од член 15 е во согласност со начелото за двостепеност на судските постапки, кое е загарантирано со Уставот.

Исклучоците од член 69 став 4 од правото на жалба се оправдани и не се во спротивност со Уставот и Европската конвенција за човековите права. Целта е да се спречи непотребно одолговлекување на постапките во случаи кога Управниот суд веќе утврдил нерегуларност во постапката на јавниот орган.

Член 71: Оваа одредба е во согласност со општото правило дека против сите решенија на судот е дозволена жалба, освен ако со закон не е поинаку определено.

Овие исклучоци од правото на жалба се оправдани и не се во спротивност со Уставот и Европската конвенција за човековите права.

Со оглед на горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорените одредби од Законот за управни спорови не се неуставни и не ги повредуваат правата на граѓаните поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 4 став 1 точка 2 во делот „поништувањето, укинувањето или изменувањето на", член 23 став 1 во делот „поништувањето, укинувањето или изменувањето на", член 69 став 4 и член 71 став 1 во делот „доколку не е поинаку определено со закон" од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19), односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овие членови од Законот.

## Точка 45

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.271/2024 за оценување на уставноста на одредба од Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр.69/04, 22/07, 115/07, 51/11, 164/13, 41/14, 33/15, 156/15, 193/15, 53/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 103/21, 208/24 и 272/24) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата, ја оспорува уставноста на членот 15-в од Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 69/04, 22/07, 115/07, 51/11, 164/13, 41/14, 33/15, 156/15, 193/15, 53/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 103/21, 208/24 и 272/24), во делот „за јавна администрација", поради што бара од Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на оспорениот дел од одредбата на Законот и да го укине како спротивен на Уставот на Република Северна Македонија.

Наводите изнесени во Иницијативата, дека оспорениот дел може да доведе до заблуда во примената на наведената одредба во однос на надлежноста на тоа кој го носи актот за организација на работата и вршењето на инспекцискиот надзор во однос на целината на Законот за управната инспекција, а кое нешто не е во согласност со начелото на владеење на правото, се неосновани.

Имено, Законот за управната инспекција за прв пат е донесен во 2004 година и досега има претрпено 13 измени на основниот текст на законот. Со членот 2 од Законот за дополнување на Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр.115/07) во Главата V од Законот, се додаваат три нови члена 15-а, 15-б и 15-в. Со членот 15-в од тој закон се утврдува дека начинот за вршење на инспекциски надзор поблиску го пропишува министерот за правда, а со членот 4 од истиот закон, како преодна одредба, е утврдено дека министерот за правда во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе го донесе актот од членот 15-в на овој закон, односно подзаконскиот акт за начинот за вршење на инспекцискиот надзор.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр.51/11), Државниот управен инспекторат станува орган во состав на Министерството за информатичко општество и администрација, односно повеќе не е орган во состав на Министерството за правда.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.103/21) со членот 7 е утврдено дека членот 15-в се менува и гласи: „Начинот на организација на работата и вршењето на инспекцискиот надзор поблиску го пропишува министерот за информатичко општество и администрација.", а воедно со членот 14 од истиот закон е утврдено дека подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Од хронологијата на легислативата јасно произлегува дека уште во 2021 година, со измените на Законот за управната инспекција објавени во „Службен весник на Република Македонија" бр.103, е утврдено дека во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, министерот за информатичко општество и администрација ќе донесе подзаконски акт за начинот на организација на работата и вршењето на инспекцискиот надзор, со што се заменуваат односно повеќе не се во сила одредбите од Законот за дополнување на Законот за управната инспекција објавени во „Службен весник на Република Македонија" бр.115/07, со кои дотогаш беше уредено дека министерот за правда во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе го донесе подзаконскиот акт за начинот за вршење на инспекцискиот надзор.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.121/24) се изврши интервенција на постоечката законска рамка и соодветно утврдување на надлежностите на министерствата, врз чија основа во иднина би се граделе министерските системи, така што се направи прераспределба на надлежностите на органите на државната управа, прегрупирање по сродни области и стратешки приоритети на државата, основање на нови органи на државна управа, кое пак неминовно доведе и до промена во бројот на министерствата и на делокругот на надлежностите на дел од постоечките министерства во Владата на Република Северна Македонија.

Покрај другото, согласно овој закон, Министерството за информатичко општество и администрација продолжува да работи како Министерство за јавна администрација и Министерство за дигитална трансформација, со надлежности утврдени со истиот.

Дополнително, овие законски измени ја наметнаа обврската за усогласување на посебните закони со кои се уредуваат основањето, работите, надлежностите на органите на државната управа и другите општи акти од своја надлежност. Во контекст на наведеното, со Законот за изменување и дополнување на Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.208/24) е направено усогласување со последните измени и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа, каде наместо Министерството за информатичко општество и администрација како надлежно министерство се утврдува Министерството за јавна администрација.

Во членот 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.208/24) е утврдено дека во член 15-в зборовите:
„министерот за информатичко општество и администрација" се заменуваат со зборовите: „министерот за јавна администрација", од каде неспорно произлегува дека начинот на организација на работата и вршењето на инспекцискиот надзор поблиску го пропишува министерот за јавна администрација, согласно членот 15-в од Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 69/04, 22/07, 115/07, 51/11, 164/13, 41/14, 33/15, 156/15, 193/15, 53/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 103/21, 208/24 и 272/24). Согласно оваа одредба, министерот за јавна администрација, на 17 декември 2024 година го донесе Правилникот за начинот на

организација на работата и вршењето на инспекцискиот надзор на управната инспекција, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.259 од 19.12.2024 година.

Имајќи го предвид горенаведеното, се укажува дека членот 15-в од Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 69/04, 22/07, 115/07, 51/11, 164/13, 41/14, 33/15, 156/15, 193/15, 53/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 103/21, 208/24 и 272/24), во делот „за јавна администрација" не е противуставен при што не станува збор за пропуст во номотехниката, а одредбата не создава нејаснотија во пракса, ниту предизвикува правна неусогласеност, поради што, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 15-в од Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 69/04, 22/07, 115/07, 51/11, 164/13, 41/14, 33/15, 156/15, 193/15, 53/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 103/21, 208/24 и 272/24), во делот „за јавна администрација", односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на овие одредби од Законот.

## Точка 46

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.270/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 18 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.193/24) и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 37 став (1) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 27/18, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22 и 79/23), усогласувањето на пензијата се врши според движењето на индексот на трошоците на животот во висина од 50% и порастот на просечно исплатената плата на сите вработени во Република Северна Македонија во висина од 50%. Според став (2) од овој член, пензијата се усогласува на 1 март и на 1 септември секоја година според процентот кој се добива како збир на порастот на индексот на трошоците на живот во претходното полугодие и процентот на порастот на просечно исплатената плата на сите вработени во Република Северна Македонија во претходното полугодие во однос на полугодието кое му претходи, објавени од Државниот завод за статистика. Во случај кога порастот на трошоците на живот се со негативен предзнак, не се врши усогласување на пензијата. Според ставот (3), заради усогласување, пензијата остварена во тековната година претходно се сведува во месечен износ според порастот на нето платите од декември претходната година во однос на просечната нето плата истата година. Ставот (4) предвидува дополнително усогласување покрај усогласувањето од ставот (1) на овој член, доколку бруто домашниот производ во претходната година има реален пораст повеќе од 4%, пензијата се усогласува од 1 април тековната година во процент кој претставува разлика помеѓу реалната стапка на пораст на бруто домашниот пораст во претходната година и стапката од 4%.

Со оспорениот став (1) од член 18 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 193/24), одредбите од членот 37 од овој закон не се применуваат во период од 1 септември 2024 година до 31 август 2025 година. Причини поради кои се става вон сила примената на одредбите од членот 37 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, а кои причини се дадени во образложението на самиот закон, се поради тоа што законодавецот со ставовите (2) и (3) од членот 18 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 193/24), предвидува поголемо зголемување на пензијата од зголемувањето со усогласувањето со членот 37 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Имено, проекциите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и податоците на Државниот завод за статистика покажуваа дека усогласувањето на пензиите во септември 2024 година би била 4% согласно член 37 од Законот, што е во износ многу помал од износот од 2.500 денари, како што и во март 2025 година се проектира процент на зголемување на пензиите кој што е многу помал од 2.500 денари.

Согласно наведеното, одредбата од ставот (1) од член 18 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 193/24) не е во спротивност со член 52 став 4 од Уставот на Република Северна Македонија, според кој законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните. Одредбите од член 18 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 193/24) предвидуваат поголемо зголемување на пензиите од одредбите од членот 37 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, чија примена се става вон сила за време на примената на оспорената одредба.

Сходно на ова, оспорената одредба не ја нарушува темелната вредност на владеење на правото и не е во спротивност со начелото на правна сигурност, бидејќи пропишувањето на оспорената правна норма со која се одложува примената на другата норма е образложена и оправдана со фактот дека е во интерес на граѓаните и поповолна за нив. Исто така се смета дека предлогот содржан во Иницијативата за донесување на решение од страна на Уставниот суд на Република Северна Македонија за запирање на извршувањето на поединечни акти и дејствија што се преземени врз основа на оспорената одредба се до окончување на постапката, не треба да се прифати од причина што ќе доведе до материјална штета за граѓаните.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 18 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 193/24).

## Точка 47

Владата ја разгледа Иницијативата од Манчо Манчев од Кавадарци, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.269/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 3 став 1 алинеја 4 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19) и притоа го утврди следното мислење:

Членот 3 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, ги уредува условите кои треба да ги исполни лице за да биде наставник во основно, односно во средно училиште:

„(1) Наставник во основно и средно училиште може да биде лице кое:
- има завршено најмалку четири години соодветно високо образование согласно со нормативот за наставен кадар утврден во наставната програма и се има стекнато со најмалку 240 ЕКТС. Квалификациите со кои се стекнуваат наставниците за професијата наставник во основно и средно училиште припаѓаат на VI А ниво од Македонската рамка на квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации.
- има положено стручен испит по истекот на приправничкиот стаж,
- е државјанин на Република Северна Македонија,
- го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и јазикот и писмото на кој ќе ја изведува наставата.

(2) По исклучок од ставот (1) алинеја 3 на овој член, наставник за предметите на кои наставата се изведува на странски јазик може да биде и лице странски државјанин кое има соодветно високо образование и го познава јазикот на кој се изведува наставата, за што согласност дава Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството).

(3) По исклучок од ставот (1) алинеја 2 на овој член, наставник во основно, односно средно училиште може да биде и лице кое нема положено стручен испит, најмногу до завршувањето на тековната учебна година и под менторство на наставник-ментор определен од училиштето.

(4) По исклучок од ставот (1) алинеја 1 на овој член, во средното стручно образование, наставници за практична настава можат да бидат и лица кои завршиле соодветно специјалистичко образование од V-степен на образование, односно соодветно образование со V-Б ниво, од Македонската рамка на квалификации, или стручни или универзитетски студии VI-Б ниво од Македонската рамка на квалификации односно VI степен на образование, се здобиле со педагошка, психолошка и методска подготовка на соодветни факултети и имаат положен стручен испит.

(5) Директорот на основното односно средното училиште формира комисија составена од три члена од редот на воспитно-образовниот кадар вработен во училиштето кја врши проверка на познавањето на јазикот на наставниците од ставот (1) на овој член, освен наставниците за предметот македонски јазик.

(6) Без положен стручен испит не може да се заснова работен однос на неопределено време.“.

Согласно ставот (5) од членот 3 од наведениот закон, директорот на основното, односно средното училиште формира комисија составена од три члена од редот на воспитно-образовниот кадар вработен во училиштето која врши проверка на познавањето на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и јазикот и писмото на кој лицето ќе ја изведува наставата, освен за наставниците за предметот македонски јазик.

Со оглед дека со членот 1 став (2) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 229/20 и 3/25)  е утврдено дека дејноста на основното образование е од посебен јавен интерес и согласно членот 2 ставот (4) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20), со кој е утврдено дека дејноста што се остварува во средното училиште е од јавен интерес и се врши како јавна служба, законодавецот ценел дека исклучително е битна проверката на познавањето на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и јазикот и писмото на кој ќе ја изведува наставата лицето кое е наставник во основно, односно во средно училиште.

Исто така, согласно член 1 став (2) од Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 21/24 и 14/25) употребата на македонскиот јазик како службен јазик е право и должност на граѓаните на Република Северна Македонија. Согласно член 2 став (1), македонски јазик, во смисла на овој закон е македонскиот стандарден јазик и неговото кирилско писмо. Согласно член 4 став (1) точка 1 од наведениот закон примената, заштитата, унапредувањето и збогатувањето на македонскиот стандарден јазик и неговото кирилско писмо опфаќаат, особено:

„1. Правилна употреба на македонскиот стандарден јазик и неговото кирилско писмо во процесот на воспитанието и во сите степени на образованието;“.

Согласно наведените одредби од Законот за основното образование, Законот за средното образование и Законот за употреба на македонскиот јазик, обврска е на законодавецот да обезбеди дека наставниците во основните и средните училишта, при реализацијата на воспитно-образовната работа треба и мора да го употребуват македонскиот стандарден јазик и неговото кирилско писмо, за што на истите им се прави проверка на познавањето на македонскиот јазик.

Согласно горенаведеното, се смета дека со член 3 став (1) алинеја 4 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, не се повредуваат темелните вредности  на уставниот поредок на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата поднесена од  Манчо Манчев од Општина Кавадарци, доставена

до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У Бр.269/24 од 27.12.2024 година, односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на истата.

## Точка 48

По однос на оваа точка немаше предлози.

## Точка 49

**1.** Владата ја разгледа Иницијативата за воспоставување на меѓуинституционална соработка во делот на справување со појавите на вандалско однесување и оштетување на урбаната опрема, јавните површини и јавните добра од страна на малолетници и ја прифати со следниве заклучоци:

1) Формира работна група со претставници од Министерството за локална самоуправа, Министерството за транспорт, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за образование и наука, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Управата за извршување на санкциите - Сектор за пробација и претставници од невладини организации, кои до Министерството за локална самоуправа да номинираат членови во Работната група.

2) Се задолжува Министерството за локална самоуправа, во текот на утрешниот ден, во просториите на Владата да одржи средба со претставници од Управниот одбор на Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија и членовите од Работна група.

**2.** Владата, по повод Мислењето на Министерството за правда, доставено под бр.21-478/1 од 14 февруари 2025 година, го задолжи Министерството за правда за наредната седница на Владата, да подготви и до Владата да достави информација со конкретен предлог (со образложение, односно основ и сл.) за разрешување на јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

**3.** Владата по Барањето од Министерството за финансии за измена на заклучок по Точка 29 од Четириесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 јануари 2025 година, заклучи истиот да се измени и да гласи:

- „Владата ја разгледа Информацијата за доставено Барање бр.11-6792/1 од 29.7.2024 година за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на Јавното претпријатие за државни патишта кон Експорт-Импорт банка на Кина, поради неможност за отплата на доспеаните обврски, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да склучи договори за регулирање на доспеаниот долг на Јавното претпријатие за државни патишта кон Министерството за финансии по активираната државна гаранција, односно по платената рата на 21.7.2024 година по двата договори за обезбедување на државна гаранција бр.14-10754/2 од 24.6.2014 година и бр.14-10753/2 од 24.6.2014 година, за исполнување на обврските по Договорот за заем за „Проектот за изградба на автопат - делница Кичево - Охрид" и Договорот за заем за „Проектот за изградба на автопат - делница

Миладиновци-Штип", склучени помеѓу Експорт-Импорт банка на Кина и Јавното претпријатие за државни патишта Скопје, со рок на враќање од 10 години (120 месечни рати), без пресметка на редовна камата, со грејс период од пет години, со што отплатата кон Министерството за финансии да почне од 1.7.2029 година, на износ и под услови како што е утврдено во оваа информација.“.

**4.** Владата им укажува на сите државни институции при номинирање на членови во комитети да го имаат во предвид статусот на лицето кое го предлагаат, во смисла да бидат номинирани лица кои се вработени во институцијата.

**5.** Владата во врска со точка 37 „Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци-Штип и патна делница Кичево-Охрид“ од Нацрт – записникот од Педесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 февруари 2025 година, заклучи да го прифати усно изнесеното позитивно мислење на Министерство за финансии.

## Точка 50

Владата го разгледа Извештајот за работата на Агенцијата за управување со одземен имот, за период од 1.1.2024 година до 30.6.2024 година, како материјал за информирање.

## Точка 51

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за работа на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, за период од 1 јануари до 30 јуни 2024 година, како материјал за информирање.

## Точка 52

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Петта одлука).

## Точка 53

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (шеста одлука).

## Точка 54

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на проектот: Заеднички железнички граничен премин - Табановце и за потребата од склучување на Договор за грант помеѓу Република Северна Македонија (застапувана од Министерството за транспорт) и Европската банка за обнова и развој за инвестициски грант од Заедничкиот Европски фонд за Западен Балкан, со усогласен текст на Договор за грант и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за грант (проект: Заеднички железнички граничен премин - Табановце) помеѓу Република Северна Македонија (застапувана од Министерството за транспорт) и Европската банка за обнова и развој за инвестициски грант од Заедничкиот Европски фонд за Западен Балкан.

2. Се определува Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот за грант (проект: Заеднички железнички граничен премин - Табановце) помеѓу Република Северна Македонија (застапувана од Министерството за транспорт) и Европската банка за обнова и развој за инвестициски грант од Заедничкиот Европски фонд за Западен Балкан.

## Точка 55

Владата ја разгледа Информацијата за доставување на Барање за вклучување на Република Северна Македонија во списокот на земји во кои е овластен извозот од Европската Унија на неопасен отпад и мешавини на неопасен отпад одделени за преработка согласно член 42 став (2) од Регулативата (ЕУ) 2024/1157 на Европскиот парламент и на Советот од 11 април 2024 година за пратките на отпад, со која се менува Регулативата (ЕУ) бр.1257/2013 и (ЕУ) 2020/1056 и се укинува Регулативата (ЕС) бр.1013/2006 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се определува м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Барањето за вклучување на Република Северна Македонија во списокот на земји во кои е овластен извозот од Европската Унија на неопасен отпад и мешавини на неопасен отпад наменети за преработка.

2. Се задолжува Министерството за европски прашања да го достави Барањето за вклучување на Република Северна Македонија во списокот на земји во кои е овластен извозот од Европската Унија на неопасен отпад и мешавини на неопасен отпад наменети за преработка до Европската комисија најдоцна до 21 февруари 2025 година.

## Точка 56

Владата ја разгледа Информацијата за донација на системи за филтрација на воздух, со Нацрт – договор, ја усвои и го овласти генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот за донација на системи за филтрација на воздух со Ецотип ДООЕЛ Скопје во име на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 57

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на меѓувладина седница помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Унгарија, во Будимпешта, Република Унгарија на 3 и 4 март 2025 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ја разгледаат можноста за организирање на патувањето на Делегацијата на Владата на Република Северна Македонија, во состав од околу 60 лица, со редовна авионска линија и во рок од три дена да ја известат Владата за истото.

2. Се укажува на Јавното радиодифузно претпријатие „Македонска радио-телевизија" Скопје да номинира две лица и АД Македонска информативна агенција да номинира едно лице, кои ќе патуваат со Делегацијата на Владата и во рок од три дена, номинациите да ги достават до Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 58

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување на договор за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот за реновирање и опремување на хируршки оперативен блок оддел за анестезија, реанимација и интензивна нега со сите пропратни помошни простории во ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември"-Скопје, со текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го усвои текстот на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот за реновирање и опремување на хируршки оперативен блок, оддел за анестезија, реанимација и интензивна нега со сите пропратни помошни простории во ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември"- Скопје.

2. Се овластува Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот за реновирање и опремување на хируршки оперативен блок, оддел за анестезија, реанимација и интензивна нега со сите пропратни помошни простории во ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември"- Скопје.

3. Се препорачува на ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември"- Скопје да го потпише Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот за реновирање и опремување на хируршки оперативен блок, оддел за анестезија, реанимација и интензивна нега со сите пропратни помошни простории во ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември"- Скопје.

4. Се определува Стојне Данилова Иваноски од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија како контакт лице за овој договор.

## Точка 59

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување на договор за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот за подобрување на капацитетот за патници во терминалната зграда на аеродромот „Св. Апостол Павле"-Охрид, со текст на Договори, ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го усвои текстот на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот за подобрување на капацитетот за патници во терминалната зграда на аеродромот „Св. Апостол Павле“-Охрид.

2. Се овластува Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, да го потпише Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот за подобрување на капацитетот за патници во терминалната зграда на аеродромот „Св. Апостол Павле“-Охрид.

3. Се препорачува на Акционерското друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Република Северна Македонија“, во државна сопственост-Скопје да го потпише Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот за подобрување на капацитетот за патници во терминалната зграда на аеродромот „Св. Апостол Павле“-Охрид.

4. Се определува Стојне Данилова Иваноски од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија како контакт лице за овој договор.

## Точка 60

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за преземање на активности за објавување на оглас за набавка/изнајмување на деловен простор, со прибирање на понуди од страна на Министерството за јавна администрација, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за набавка на недвижни ствари со закуп, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 61

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, а за повереници Фатмир Сабриу, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади и Јехона Рамадани, раководител на сектор во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

## Точка 62

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на големиот ИПА проект „Изградба на прочистителна станица за отпадни води и рехабилитација и надградба на канализационата мрежа во Општина Битола“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, веднаш да го извести Министерството за финансии, Секторот за централно финансирање и склучување на договори за понатамошниот тек на постапката за Лот 2 – „Рехабилитација и проширување на канализациона мрежа во Општина Битола“.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да постапи согласно препораките и коментарите од Версото од ДЕУ од 4.2.2025 година, како и согласно новиот праг објавен на 20.1.2025 година, да подготви тендерската документација за преговарање и истата да ја достави до Министерството за финансии, Секторот за централно финансирање и склучување на договори, на одобрување во најбрз можен рок.

3. Се задолжува Министерството за финансии, Секторот за централно финансирање и склучување на договори, по добивање на писмено известување од Министерството за животна средина и просторно планирање, да ја откаже постапката за Лот 2 и да побара од ДЕУ да одобри спроведување на постапка за преговарање.
4. Се задолжува Министерството за финансии, Сектор за централно финансирање и склучување на договори, по одобрување на тендерска документација за преговарање од страна на ДЕУ, да ја отпочне постапката за преговарање со компанијата која има технички исправна понуда од претходната тендерска постапка.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Министерството за финансии, да ја информира Владата за потребата од обезбедување на дополнителни финансиски средства и за висината на истите доколку и после преговорите се случи технички исправната понуда биде над проектираниот буџет на проектот.

6. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање, доколку има потреба од обезбедување на дополнителни средства од Буџетот на Република Северна Македонија за реализација на Лот 2 „Рехабилитација и проширување на канализациона мрежа во Општина Битола“, односно целосно завршување на проектот „Изградба на прочистителна станица за отпадни води и рехабилитација и надградба на канализационата мрежа во Општина Битола“ истите да ги предвиди во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 и 2027 година.

## Точка 63

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од преземање на конкретни мерки за овозможување на склучување на Договорот за ИПА проектот „Понатамошна поддршка во спроведување на реформите во секторот води“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди средства од Буџетот на Република Северна Македонија, како национално кофинансирање на Договорот за услуги „Понатамошна поддршка во спроведување на реформите во секторот води“, во максимален износ од 2.100.000,00 евра, за 2025, 2026 и 2027 фискална година, зависно од динамиката на реализација на Договорот во времетраење од 30 месеци.

2. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди дополнителни средства во износ од 400.000,00 евра од Буџетот на Република Северна Македонија, како национално кофинансирање за Договорот за услуги „Подобрена имплементација на директивата на Европската Унија за поплави преку усогласување на националното законодавство и подготовка на планови за управување со ризик од поплави“, односно вкупно 1.386.620,00 евра, за 2025, 2026 и 2027 фискална година зависно од динамиката на реализација на договорот, за да се наполни реалокацијата на ИПА средствата кон Договорот за услуги „Понатамошна поддршка во спроведување на реформите во секторот води“.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, како институција корисник да достави ревидиран план за јавни набавки до Секторот за централно финансирање и склучување на договори, со кој од склучениот договор за услуги „Подобрена имплементација на директивата на Европската Унија за поплави преку усогласување на националното законодавство и подготовка на планови за управување со ризик од поплави“ ќе се реалоцираат ИПА средства во износ од 400.000,00 евра, за склучување и реализација за Договорот за услуги „Понатамошна поддршка во спроведување на реформите во секторот води“.

4.Се задолжува Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори и Секторот за управување со средства од ИПА да ги преземат потребните чекори за корекција и усогласување на потребните документи и извештаи, врз основа на направената реалокација на ИПА средства и обезбедените средства од Буџетот на Република Северна Македонија, како национално кофинансирање на Договорот за услуги „Подобрена имплементација на директивата на Европската Унија за поплави преку усогласување на националното законодавство и подготовка на планови за управување со ризик од поплави“ и Договорот за услуги „Понатамошна поддршка во спроведување на реформите во секторот води“.

## Точка 64

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки и обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 65

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на големо и трговијата на мало и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

*

*           *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:50 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Игор Јанушев**

**Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**